ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) 0800 33 222
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Дата: 03.10.2012

# СООПШТЕНИЕ

## Посета на Директорот на ФЗОМ г-дин Џемали Мехази на Подрачна служба Скопје при ФЗОМ

По повод воведувањето на електронски систем за услуги со кој се овозможува соодветна прераспределба на барањата и информациите на едно место од областа на здравственото осигурување, директорот на ФЗОМ г-дин Џемали Мехази беше во посета на ПС Скопје.



При неговата посета, тој истакна дека ваквиот начин на работа преставува олеснување во работата на ФЗОМ како и приближување на здравствените услуги кон осигуреници. Основната цел за воведувањето на електронскиот систем за услуги е намалување на времето на чекање на осигурениците, обезбедување на навремени и квалитетни услуги. Прераспределба на барањата за услуги преку инсталирање на електронскиот пулт сместен во ПС Скопје на ФЗОМ, на која се евидентирани со реден број сите услуги кои ги нуди ФЗОМ. Тоа значи дека осигурениците откако ќе влезат во ПС Скопје ќе треба да земат бројче за соодветната услуга која им е потребна.

Исто така, една од главните придобивки со ваквиот начин на електронско работење е изготвување на месечни анализи врз основа на податоци кои стигаат од електронскиот систем. Тоа овозможува да се увидат слабостите во работењето, „условно кажано„ тесно грло во работењето на ПС Скопје. Следствено на тоа, оваа новина во работењето на ФЗОМ ќе придонесе кон изнаоѓање на начините и механизмите за надминување на овие потешкотии.



Затоа би сакале да ја искористаме оваа можност и да укажеме до сите осигуреници дека ФЗОМ е институција од јавен карактер која примарно се грижи за своите осигуреници, при што воведувањето на сите новини претставува придобивка како за осигурениците така за и за тимот на вработени на ФЗОМ.

**Со почит,**
**ФЗОМ**